**Известување за концентрација со која e& PPF Telecom Group B.V, Холандија ќе стекнат контрола над SERBIA BROADBAND - SRPSKE KABLOVSKE MREŽE DOO BEOGRAD (VOŽDOVAC),Србија**
**(предмет бр. 08-42/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 24.02.2025 година, а дополнето на 07.03.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на e& PPF Telecom Group B.V., со регистрирана адреса на Zuidplein 168, 1077XV Амстердам, Холандија над SERBIA BROADBAND - SRPSKE KABLOVSKE MREŽE DOO BEOGRAD (VOŽDOVAC), со регистрирано седиште на Булевар Пека Дапчевиќа 19, Белград, Србија вклучително и неговите зависни друштва.

Зависни друштва во кои SERBIA BROADBAND - SRPSKE KABLOVSKE MREŽE DOO BEOGRAD (VOŽDOVAC) има непосредно преовладувачко влијание:

(i) PREDUZEĆE ZA INFORMATIČKI INŽINJERING I KONSALTING NETLOGIC DOO, BEOGRAD (NOVI BEOGRAD), , со регистрирано седиште во Белград, Омладинских Бригада 65 Б, Белград Србија;

(ii) PANTIĆ ELECTRONIC CABLE TELEVISION DOO BEOGRAD-VOŽDOVAC, со регистрирано седиште во Белград, Булевар Пека Дапчевиќа 19,Србија и

(iii) Adria DTH B.V., со регистрирано седиште на Spicalaan 41, 2132 JG Hoofddorp, Холандија, **(„Adria DTH“)**, вклучувајќи го и зависното друштво (фирма-ќерка) на Adria DTH, ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001, Скопје, Центар, Северна Македонија **(„Тотал ТВ“)**.

Непосредно по завршувањето на Трансакцијата, e& PPF Telecom Group B.V., има намера да го пренесе директното сателитско емитување (DTH) бизнисот **(„DTH Бизнис“)** на Telekom Srbija a.d. Beograd, акционерско друштво со регистрирано седиште на ул. Таковска 2, 11000 Белград, Србија согласно посебен договор**.** e& PPF Telecom Group B.V., ќе го задржи сопственитштвото и контролата врз преостанатиот бизнис, имено врз SERBIA BROADBAND - SRPSKE KABLOVSKE MREŽE DOO BEOGRAD (VOŽDOVAC),, NetLogic и Pantic Electronic, со исклучок на DTH Бизнисот, што во понатамошниот текст се нарекува **„Целна Група“.**. Трансакцијата за понатамошна продажба ќе биде пријавена посебно до Комисијата од страна на Телеком Србија.

**e&PPF Telecom Group B.V** е телекомуникациски оператор со средна големина (среден субјект), кој работи на пазарите во регионот на Централна и Источна Европа (CEE). Основниот бизнис на Подносителот вклучува обезбедување мобилни, фиксни, податочни и интернет телевизиски услуги за крајни корисници, како и телекомуникациски инфраструктурни услуги за телекомуникациски оператори.

**e&** е телекомуникациски оператор со седиште и база во Абу Даби, Обединети Арапски Емирати. **e&** обезбедува иновативни дигитални решенија, паметна поврзаност и технологии од следната генерација за различни сегменти на корисници.

**PPF Group** е меѓународна инвестициска група основана во Република Чешка во 1991 година. Таа прерасна во група што управува со операции во 25 земји низ Европа, Северна Америка и Азија, при што нејзини главни деловни области се телекомуникации, медиуми, финансиски услуги, е-трговија, недвижности, машинско инженерство и биотехнологија.

Ниту **e&PPF Telecom Group B.V**, ниту неговата владејачка компанија (мајка) e& имаат оперативно присуство во Северна Македонија (вклучително подружници или филијали) ниту пак имаат какви било комерцијални деловни активности во Северна Македонија.

SERBIA BROADBAND - SRPSKE KABLOVSKE MREŽE DOO BEOGRAD (VOŽDOVAC), обезбедува дигитални услуги покривајќи ја целата територија на Република Србија, и тоа услуги на фиксна телефонија, пристап до широкопојасен интернет, услуги за дистрибуција на медиумска содржина. Истото не остварува директна активност на територија на Северна Македонија.

SERBIA BROADBAND - SRPSKE KABLOVSKE MREŽE DOO BEOGRAD (VOŽDOVAC), има индиректно присуство во Северна Македонија преку **Adria DTH** која поседува удел во друштвото **ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје** кое е регистрирано за дејности на сателитска телекомуникација регистрирано за вршење на активности во областа на сателитските комуникации. Тотал ТВ работи на пазарот на услуги и мрежи за електронски комуникации на територијата на Северна Македонија, обезбедувајќи услуги за дистрибуција на медиумски содржини преку сателитската телевизиска платформа Direct-to-Home (DTH).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување*.

11.03.2025 година
Скопје